**20120681855**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија” бр.180/11), член 9став (1) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија” бр.146/09 и 53/11), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр.24/06, 88/08,31/10, 36/11 и 53/11), член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08 и 116/10), член 12 од Закон за вино („Службен весник на Република Македонија” бр.50/10, 53/11 и 6/12), член 7 став 3 и 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10 и 53/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.5.2012 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2012 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/12 и 46/12) во делот I во табелата во мерката 1 во колоната „Вкупен износ на мерката во денари“ износот „2 592 500 000,00“ се заменува со износот „2 092 500 000,00 “.

Во мерката 2 во колоната „ Вкупен износ на мерката во денари“ износот „2 336 500 000,00“ се заменува со износот „ 836 500 000,00“.

Во мерката 10 во колоната „ Вкупен износ на мерката во денари“ износот „1 800 000 000,00“ се заменува со износот „3 800 000 000,00“.

Во дел XI став 1 рокот „30.04.2012“, се заменува со рокот „31.07.2012“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија” .

Бр. 41-4306/1
29 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.